А-Интегрирана еколошка дозвола

Име на компанијата
АДИНГ АД-Скопје
Адреса:
ул. 1409 (Новоселски пат) бр.11
Општина Ѓорче Петров
Поштенски број и град:

1060 Скопје

Број на дозвола:

Министертство за животна средина и просторно планирање
Плоштад Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

Содржина

А-Интегрирана еколошка дозвола i

Содржина 2

Вовед iii

Дозвола 19

1 Инсталација за која се издава дозволата 3

2 Работа на инсталацијата 6
2.1 Техники на управување и контрола 6
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) 9
2.3 Техники на работа 10
2.4 Заштита на подземните води 12
2.5 Ракување и складирање на отпадот 14
2.6 Преработка и одлагање на отпад 16
2.7 Енергетска ефикасност 17
2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија 18
2.9 Бучава и вибрации 19
2.10 Мониторинг 21
2.11 Престанок на работа 23
2.12 Инсталации со повеќе оператори 23

3 Документација 24

4 Редовни извештаи 26

5 Известување 28

6 Емисии 30
6.1 Емисии во воздух 30
6.2 Емисии во почва 46
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) 47
6.4 Емисии во канализација 48
6.5 Емисии на топлина 49
6.6 Емисии на бучава и вибрации 50

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води 53

8 Услови надвор од локацијата 54

9 Програма за подобрување 55

10 Договор за промени во пишана форма 56

Додаток 1 57

Додаток 2 58

Речник на користени поими

Аеросол	Суспензија на цврсти и течни честички во гасен медиум.
Атмосферска вода	Дождовна вода што дотекува од покриви и места каде што не се одвиваат процесите.
Барање	Барањето поднесено од страна на Операторот за оваа дозвола
БПК	Биолошка потрошувачка на кислород за 5 дена
ГВЕ	Гранични вредности на емисија
ГИЖС	Годишен извештај за животна средина
Годишно	Приближно во интервали на 12 месеци Период или дел од период од 12 последователни месеци
Градежен отпад и отпад од рушење	Отпад што потекнува од градење, реновирање и рушење: глава 17 од националниот каталог на отпади или како што е договорено на друг начин.
Гранични вредности на емисија	Масата, изразена во смисла на одредени специфични параметри, концентрацијата и/или нивото на испуштање, кои не смеат да бидат надминати во текот на еден или повеќе временски периоди.
Граница за масен проток	Гранична вредност на емисија која е изразена како максимална маса на една супстанција што може да биде емитирана во единица време.
dB(A)	Децибели
Ден	Секој период од 24 часа
Денски	Периодот од 08.00 до 22.00 (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за “ноќно време”).
Дневно	За време на сите денови од работата на инсталацијата и во случај на емисии, кога емисиите се одвиваат ; со најмалку едно мерење во било кој еден ден.
Договор	Писмен договор
Документација	Секој извештај, запис, податок, слика, предлог, интерпретација или друг документ во писмена или електронска форма кој се бара со оваа дозвола.

Двегодишно/ биенално	Еднаш на секои две години
Еколошка штета	Согласно дефиницијата за еколошка штета во член 5 од Законот за животна средина
Зелен отпад	Отпадно дрво (не вклучувајќи импрегнирано дрво), растителни материјали како што е откос од трева и друга вегетација.
I.S.EN	Интернационален стандард ЕН
Инцидент	(i) итен случај; (ii) секоја емисија што не е во согласност со условите од оваа дозвола; (iii) секое надминување на дневниот капацитет на опремата за ракување со отпад; (iv) секое ниво, дадено во ова дозвола, а е достигнато или надминато, и (v) секоја индикација дека загадување на животната средина се случило или може да се случи.
Индустриски не опасен отпад	Согласно дефиницијата за “индустриски не опасен отпад“ од член 6 од Законот за управување со отпад: Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад;
Инсталација	Согласно дефиницијата за “инсталација“ од член 5 од Законот за животна средина : - во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето; - во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објекти-те, цевководите, машините, алатките, приватните железнички споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или сличните градби, потребни за работа на инсталацијата.

ИСКЗ	Интегрирано спречување и контрола на загадувањето
ИСО	Интернационална организација за стандарди
K	Келвин (единица мерка за температура).
Капацитет/ опрема за задржување	Опрема наменета за задржување на евентуално истечен материјал, собирници.
kPa	Кило Паскали.
Квартално	Цел или дел од период од три последователни месеци, почнувајќи од првиот ден на Јануари, Април, Јули или Октомври.
Leq	Еквивалентно континуирано ниво на звук
Локација чувствителни на бучава (ЛЧБ)	Секоја резидентна куќа, хотел или хостел, болници, училишта, верски објекти, или било други места и објекти за кои е потребно отсуство на бучава со нивоа кои предизвикуваат непријатност.
МДКе	Максимална дозволена концентрација на загадувачки материи во гасовите кои се емитираат.
Месечно	Минимум 12 пати во текот на една година, приближно во месечни интервали.
Надлежен орган	Тело одговорно за издавање на ИСКЗ дозволи
НДТ	Најдобри достапни техники
Неделно	За време на сите недели од работата на инсталацијта и во случај на емисии, кога има емисија; со минимум едно мерење во било која недела.
Ноќно време	Од 22.00 до 08.00 часот
Одржува	Чување во добра состојба, вклучувајќи и редовна инспекција, сервисирање, калибрација и поправки доколку се потребни, со цел адекватно да извршува функцијата.
Оператор	Согласно дефиницијата за “Оператор” од член 5 од Законот за животна средина: - секое правно или физичко лице кое врши професионална активност, или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира или алармира за активноста.

Полугодишно	Целиот или дел од периодите од 6 последователни месеци
Постројка	Секое место или простор употребен за преработување или пак третман на отпадот.
Праг за масен проток	Количина на масен проток, над која се применува ограничување со МДК.
ПРЕО	Проценка на ризикот од еколошка одговорност
Прилог	Секое повикување на Прилог од оваа дозвола се однесува на прилози поднесени како дел од оваа дозвола
Примерок	Доколку контекстот на оваа дозвола не кажува нешто спротивно, примерокот ќе вклучи мерење со електронски инструменти.
ПСОВ	Пречистителна станица за отпадни води
ПУЖС	Програма за управување со животната средина
ПУРЗ	План за управување со ризикот по затворање
Работни часови	Часови/ време во кое инсталацијата има дозвола/ е овластена да работи.
РЗПЗМ	Регистер на загадувачи и пренос на загадувачки материи.
РК	Растворен кислород
СЧ	Суспендирани честички
Санитарен/ комунален ефлуент	Отпадни води од тоалетите, местата за миење и кантината во инсталацијата.
Слика	Секое повикување на слика или број на слика значи слика или број на слика содржани во барањето, освен ако не е на друг начин договорено.
Соодветно осветлување (светло)	20 лукса, мерено на ниво на почва
Стандардна Метода	Национална, европска или интернационално признаена процедура (пр. И.С. ЕН, ИСО, ЦЕН, БС или еквивалентно).
СУЖС	Систем за управување со животната средина
Тешки метали	Тешки метали се група на елементи меѓу бакар и бизмут во периодниот систем на елементи - со специфична густина поголема од 4.0 г/ цм^3.

Течен отпад	Било кој отпад во течна форма и што содржи помалку од 2% сува материја.
X1 софтверски пакет	Софтвер кој се користи за внесување на податоци, нивно пресметување и претставување на влијанието како и информации за трошоците.
ХПК	Хемиска потрошувачка на кислород
ЦЕН (CEN)	Comité Européen De Normalisation – European Committee for Standardisation.

Вовед

Овие воведни белешки не се дел од дозволата

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/ 05, 81/ 05, 24/ 07, 159/ 08, 83/ 09, 48/ 10, 124/ 10, 51/ 11, 123/ 12, 93/ 13, 187/ 13, 42/ 14, 44/ 15, 129/ 15, 192/ 15, 39/ 16, 28/ 18, 65/ 18, 99/ 18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/ 22, 171/ 22, 3/ 25 и 124/ 25), за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за "Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови", до одобреното ниво во Дозволата.

Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација		
Сопственик на дозволата	Број на дозвола	Дата на издавање
А-ДУОП на АДИНГ АД - Скопје	11-416/ 3	13.01.2014
А-ИЕД на АДИНГ АД -Скопје	11-977/ 5	25.04.2019

Заменети дозволи/ Согласности/ Овластувања поврзани со оваа инсталација		
Сопственик	Референтен број	Дата на издавање

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Дејноста на АДИНГ АД е производство, примена, пласман и инженеринг на хемиски материјали за градежништво со сопствена контрола на квалитет, за влез на суровини, процесна контрола и контрола на готов производ.
АДИНГ АД Скопје е акционерско друштво во приватна сопственост. Организациската поставеност на инсталацијата се состои од деловен систем кој раководи со следните служби: управен менаџмент, контрола на деловен

систем, ИТ и внатрешна ревизија, правна канцеларија, техничка примена, финансии, фабрика, набавки, одржување со инвестиции, центар за едукација Адинг, продажба и институт.
АДИНГ АД Скопје е индустриски објект составен од повеќе градежни целини и инфраструктурни објекти.
Вкупна површина на инсталацијата изнесува 3,433ha.
Технолошкиот процес во АДИНГ АД се извршува во четири производни погони:

- Погон за производство на течни адитиви на водена основа;
- Погон за производство на пастозни производи на база на растворувачи;
- Погон за производство на пастозни и течни производи на база на водени дисперзии и
- Погон за производство на прашкасти производи;

1. Погон за производство на прашкасти производи-производниот процес се извршува во производни мешалки истите со прифатни тела за готов производ. Погонот располага со пет мешалки, од кои четири со капацитет од 1200литри и една од 100литри. Секоја мешалка е поврзана со централен систем за отпрашување. Мешалките се поврзани со полжавести транспортери за автоматски дотур на цемент и полнила. Производството се врши по пропишани и усвоени постапки. Процесите се синхронизирани со командно задавање параметри на дисплеј и со внес на бројот на шаржи. После умешувањето од околу 20 минути, готовиот производ се испушта во натрон брендирани вреќи. На две мешалки наполнетите вреќи со автоматски утврдена тежина на полнење, се спуштаат на бесконечна транспортна лента, при што подредувањето на палетите се извршува од страна на роботска рака, по што производот се стречува. На останатите три мешалки, подредувањето на готовиот производ се врши мануелно.
2. Погон за производство на течни адитиви-Преку електронски дозатор и пневматски пумпи се дозира потребната количина на течни репроматеријали кои се со пообемно рецептурно учество во реакторот за една шаржа. Со електровентили преку водомер се дотура потребната количина вода. Со вилушкар се качува палета со претходно измерен прашкаст адитив на платформата до реакторот. По вклучување на електромоторот на реакторот, низ отвор постепено рачно се дозира прашкастиот адитив при што се вклучува отпрашувањето. Готовиот производ преку пумпа се префрла во складиштен резервоар или се пакува директно во одредена амбалажа (затворен систем). Додека трае дозирањето системот за отпрашување е вклучен, доколку се користат прашкасти суровини. Супстанциите што се користат за производство на адитиви не се токсични. Производството и на други производи од оваа група се сведува на растворање на репроматеријалите во вода.

3.Погон за производство на пастозни производи на база на растворувачи- потребните материјали со електричен вилушкар се доставуваат до влезот на погонот од каде се прифаќаат со рачен вилушкар и се внесуваат во погонот (полнила, колоранти, врзива, растворувач). Репроматеријалите по утврден редослед се дозираат во работен дисолвер (два работни дисолвери). Приготвената маса во казанот се поставува под дисолвер, се спушта мешалката (дискот) во казанот и се вклучува електромоторот. Мешањето трае до потполна хомогенизација на компонентите во казанот. Потоа, се исклучува електромоторот и дискот се подига. Вака подготвениот епоксиден производ или метакрилатен производ е подготвен за пакување во соодветна амбалажа. Ова се однесува само за А компонента од епоксиден производ или еднокомпонентни производи. Б компонентата на епоксидниот систем не се преработува, таа е готов производ кој само се пакува во соодветен однос со А компонента и во сопствена соодветна амбалажа.

4.Погон за производство на пастозни и течни производи на база на водени дисперзии-производството е шаржно и се одвива на начин согласно технолошка постапка. Дотурот на репроматеријал се врши со електричен вилушкар со нивно поставување до работниот дисолвер, по што следува размерување на секој репроматеријал по шаржа кое се врши на електронски ваги. По утврден редослед и време, секој репроматеријал рачно се дозира во работниот казан и се вклучува електромоторот на работниот диск (перка), истиот се спушта и подига по вертикала на пневматски режим. По потполна хомогенизација на готовиот производ и запазено утврдено време за производство, завршува производството на секоја шаржа засебно. Начинот на пакување се одвива од иста позиција на работниот казан, со поставување на платформска вага и соодветна амбалажа под испусниот вентил на казанот.
Сите работни позиции се поврзани со систем за отпрашување.

5.Погон за производство на прашкасти материјали и магацин за готови производи - Во овој погон се сместени две пакерки за минерални полнила и машина за стречирање. Врећата со минерално полнило се поставува на метални закачалки на врвот од стативот по што во долна зона рачно се ослободува содржината која е центрирана во малата прифатна инка. По претходно зададени количински параметри започнува пакувачкиот процес, со напомена дека овде работникиот ја одлага врећата на дрвена палета, поставена до полжавеста пакерка за готов производ. Со електричен виљушкар се носат на системот Stretch hood, кој овозможува верижно последователно стречување на три палетни единици. Сите процеси се извршуваат со електроника и користење на пневматика.

Во склоп на инсталацијата се наоѓа Централна лабораторија која што врши испитувања на градежни материјали: цемент, агрегат, свеж и оцврснат бетон, како и испитување на малтери за ѕидање.


Податоците за суровините кои се користат во АДИНГ како базни суровини, покажуваат дека тоа се претежно неоргански од типот: цементи, карбонатни полнила, речен агрегат, хидратна вар, неоргански оксиди како бои и др. Помалку од базните суровини се од органска природа: епоксидни смоли, бутадиен стирен емулзија, полиакрилат-стирен дисперзија, акрилатни смоли и др. Како органски растворувачи, во мали количини се користат: толуол, ксилен. Во производство се користат најразлични адитиви: омекнувачи, пластификатори, порообразувачи, згуснувачи, отпенувачи, заштитни средства и др. во мали количини. Како енергенс се користи дизел за помошна опрема при одржување.
Репроматеријалите во зависност од нивните карактеристики се чуваат во повеќе магацини.
На силосите за цемент поставени се филтри со што се спречува емисијата на прашина.
Потребите за вода се задоволуваат во основа од два водоснабдувачи. Санитарна вода е врзана за градска водоводна мрежа. За технолошки потреби и хидрантска мрежа се користи сопствен бунар.
Водите од производните објекти се водат во трикоморен таложник, димензиониран за технолошка отпадна вода од 50m^3/ден и атмосферски води од 560m^3 и изнесува 3000 l.
Управувањето со опасните материи во АДИНГ АД е регулирано со посебна процедура АМЕ-446-201.
За управувањето со отпад постои посебна процедура АМЕ-446-101, која овозможува целиот генериран отпад (цврст отпад од натрон вреќи, од суви репро-материјали, комунален отпад од остатоци од храна, пластична амбалажа и опасен отпад- од органски растворувачи), под контолирани услови да се складира и предаде на овластени организации.
Во границите на инсталацијата, постои склад во кругот на фабриката за привремено складирање на опасен отпад. Складирањето се врши во метални буриња.
Технолошките отпадни води се прифаќаат во тростепен таложник каде што се врши механичко издвојување на цврстиот отпад.
Атмосферските и технолошките отпадни води пред да се испуштат канализационен систем, се собираат во собирна шахта (мерно место каде се земаат проби), и не постојат директни емисии во површински води.


Направена е промена на системот за греење во АДИНГ АД (известување до МЖСПП на 30.10.2024год.), во Управната зграда, поради тоа, постоечкиот котел на нафта кој се користеше за загревање во зимски услови, не е во функција. Инсталирани се нови инвертер мулти сплит системи за греење/ладење.

Резервоар-цистерна за нафта-лоцирана помеѓу управна зграда и погонот за прашкасти производи, заштитена со термоизолација и капацитет 5 тони-не е во функција, поради промена на системот за греење (допис до МЖСПП на 30.10.2024).

Системот за отпрашување на погонот за прашкасти производи се состои од вреќаст филтер со примена на компримиран воздух за истресување на вреќите.
Репроматеријалите кои се нарачуваат во поголема количина се одложуваат во силоси, снабдени со филтри, додека силосите во кои се складираат течни репроматеријали се затворени. Репроматеријалите преку цевки или пумпи, се внесуваат во мешалките или дисолверите. Додека, репроматеријалите кои се складираат во помали количини се набавуваат во вреќи (за прашкасти материјали), во буриња (за течни материјали). Пакувачката фаза се врши во натрон вреќи, пришто автоматски се прекинува дотурот на готов производ во амбалажа, по постигнатата меморирана тежина по поединечно пакување.
АДИНГ има изготвено План за постапување во случај на незгода или вонредна состојба.


Бучавата која се емитира при процесот на производство на прашкасти и течни материјали, редовно се мери, а резултатите од мерењата се во ГВЕ.
Во АДИНГ АД не постојат извори на вибрации и нејонизирачко зрачење.
Во инсталацијата воспоставен е мониторинг и идентификувани значајни аспекти кои влијаат на животната средина а се предизвикани со работењето на инсталацијата. Начинот и методологијата на мониторингот, како и начинот на ангажирање на овластени екстерни организации поради проценување на влијанието врз животната средина се одредени со посебни процедури.
Во инсталацијата, имплементирани се стандардите за квалитет ISO 9001 и за животна средина ISO 14001.


ПОСТОЕЧКА СОСТОЈБА
ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС
АДИНГ АД СКОПЈЕ
ЛЕГЕНДА:
1. УПРАВНА ЗГРАДА
2. ПОГОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПРАШКАСТИ МАТЕРИЈАЛИ СО МАГАЦИНИ
3. ПОГОН ЗА ПАСТОЗНИ ПРОИЗВОДИ НА БАЗА НА РАСТВОРУВАЧИ
3а ПОГОН
3б МАГАЦИН ЗА НЕЗАПАЛИВИ РЕПРО МАТЕРИЈАЛИ И АМБАЛАЖА
4. МАГАЦИН ЗА ЗАПАЛИВИ МАТЕРИИ
4а МАГАЦИН ЗА ЗАПАЛИВИ ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ
4б МАГАЦИН ЗА ЗАПАЛИВИ РЕПРО МАТЕРИЈАЛИ
6. МАГАЦИН ЗА ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ И РЕПРО МАТЕРИЈАЛИ
8. МАГАЦИН ЗА ПРАШКАСТИ ПРОИЗВОДИ
7. МАГАЦИН ЗА РЕПРО МАТЕРИЈАЛИ И АМБАЛАЖА
8. ПОГОН ЗА ПАСТОЗНИ И ТЕЧНИ ПРОИЗВОДИ НА БАЗА НА ВОДЕНИ ДИСПЕРЗИИ
8. ОТВОРЕН МАГАЦИН ЗА РЕПРОМАТЕРИЈАЛИ И АМБАЛАЖА
10. ХИДРОФОРСКА ПОСТРОЈКА
11. ПРИЈАВНИЦА - 1
12. ТРАФОСТАНИЦА
13. БЕТОНСКА ЛАБОРАТОРИЈА
14. ПРОСТОРИЈА СО РЕЗЕРВОАР ЗА НАФТА
16. ПОМОШЕН ОТВОРЕН МАГАЦИН
16. ПОМОШЕН ОТВОРЕН МАГАЦИН
18. КОЛСКА ВАГА
19. КАНЦЕЛАРИИ
20. ОТВОРЕН МАГАЦИН ЗА ПРАШКАСТИ ПРОИЗВОДИ
21. ПРОСТОР ЗА СКЛАДИРАЊЕ ОТПАД
23. ПОГОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА АДИТИВИ НА ВОДЕНА ОСНОВА
24. ТАНКВАНИ СО ЦИСТЕРНИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ
26. ТАНКВАНА СО ЦИСТЕРНИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ
26. ТАНКВАНА СО ЦИСТЕРНИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ
27. СКЛАД ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО
28. ВРЕМЕН СКЛАД ЗА ОПАСЕН ОТПАД И ИСКОРИСТЕНА АМБАЛАЖА
29. СИЛОСИ ЗА ЦЕМЕНТ И КАЛЦИУМ КАРБОНАТ
30. ПЕРАЛНА ЗА ВОЗИЛА
31. КАФЕЗ ЗА ПТИЦИ
32. КАНАЛ ЗА ПОПРАВКА НА ВОЗИЛА
33. ХОРИЗОНТАЛНА ЦИСТЕРНА ЗА ВОДА, 30Т
34. ТАЛОЖНИК
35. ПЛАТО ЗА УТОВАР И ИСТОВАР НА ГОТОВ ПРОИЗВОД И РЕПРО МАТЕРИЈАЛИ
36. ПЛАТО ЗА УТОВАР И ИСТОВАР
37. ПЛАТО ЗА УТОВАР И ИСТОВАР
37/1 НА РЕПРО МАТЕРИЈАЛИ И АМБАЛАЖА
37/2 НА ГОТОВ ПРОИЗВОД
38. ПАРКИРАЊЕ
39. ГЛАВЕН ВЛЕЗ
40. СЕРВИСЕН ВЛЕЗ 1
41. ВЛЕЗ 2
ЛЕГЕНДА НА ОЗНАКИ
ВЛЕЗ ВО ЛОКАЦИЈА
ВЛЕЗ ВО ОБЈЕКТ
ДВИЖЕЊЕ - ВОЗИЛА
ДВИЖЕЊЕ - ПЕШАЦИ
ОГРАДА
ПАРЦЕЛА
ХИДРАНТ
СИТУАЦИЈА М=1:1000
0м
50м
АРХИТЕКТУРА
ПРОЕКТ ЗА АДАПТАЦИЈА
Инвеститор: АДИНГ АД СКОПЈЕ
Објект: ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС АДИНГ АД СКОПЈЕ
Прилог: СИТУАЦИЈА
Проектанти:


ПОГОН ЗА ПАСТОЗНИ И ТЕЧНИ ПРОИЗВОДИ НА БАЗА НА ВОДЕНИ ДИСПЕРЗИИ
ОБЈЕКТ 1
1 (производство со пакување)
ОБЈЕКТ 2
2 (пакување)
Линија за мали течни пакувања
а) ротирачки дел за готов производ
б) етикетарка
в) ласерски штампач
г) затварачки систем
д) транспортна лента
ѓ) полначка
е) контејнер со производ
ЛЕГЕНДА НА ОПРЕМА
Ознака
Опрема
Основна опрема
Д1 Дисолвер
Д2 Дисолвер
Д3 Дисолвер
Д4 Дисолвер
Д5 Дисолвер
М1 Мешач дисолвер преносен за контејнери
М2 Мал мобилен дисолвер
П1 Пакувачка за картуши
П2 Палетизер (стреч голија)
МТ Машина за тонирање готов производ
М3 Мешач за бои и пасти
АЕ Апликатор за етикети
ПП1 Пневматска пумпа LUTZ MD-1
ПП2 Пневматска пумпа LUTZ MD-1
БП Електрична пумпа LUTZ B4IGT
СТД Систем за течно дозирање до 20 литри
ЛЕГЕНДА НА ОПРЕМА
Ознака
Опрема
Мерна опрема
В1 Платформска дигит.вага 2 т
В2 Платформска дигит.вага 2 т
В3 Дигитална вага 0-150 кг
В4 Дигитална вага 0-150 кг
В5 Дигитална вага 0-60 кг
В6 Дигитална вага 0-60 кг
В7 Дигитална вага 0-6 кг
Друга опрема
ЕВ Електричен вилушкар
РВ Рачен вилушкар 2 т
К1 Климатизер Inverter
К2 Климатизер Inverter
СТ Собирно тело од усисна вентилација
ФУНКЦИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ОБЈЕКТОТ
р.б.
Простории
П (м2)
1 Производство и пакување 199,06
2 Пакување течни производи 124,29
3 Настрешница 25,62
Вкупно 350,29
0-9 рачен ПП апарат 0-9
0-60 рачен ПП апарат 0-60
ТЕХНОЛОШКА ШЕМА

ПОГОН ЗА ПАСТОЗНИ ПРОИЗВОДИ НА БАЗА НА РАСТВОРУВАЧИ - ОБЈЕКТ БР.3

Нова состојба



ЛЕГЕНДА

рб	Просторија	П (м²)
1	Погон	204,16
2	Магацин	204,86
	Вкупно	409,02

ЛЕГЕНДА НА ОПРЕМА

1	Вага мах 2000 кг
2	Дисолвер 7,5 KW
3	Вага мах 60 кг
4	Вага мах. 15 кг

ТЕХНОЛОШКА ШЕМА

Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било каква комуникација, контактирајте го надлежниот орган на адресата **Плоштад Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.**

Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, член 55, став 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува органот. Со цел барањето да биде успешно, операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120, став 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Во согласност со член 115 став 6 и 7 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/ 05, 81/ 05, 24/ 07, 159/ 08, 83/ 09, 48/ 10, 124/ 10, 51/ 11, 123/ 12, 93/ 13, 187/ 13, 42/ 14, 44/ 15, 129/ 15, 192/ 15, 39/ 16, 28/ 18, 65/ 18, 99/ 18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/ 22, 171/ 22, 3/ 25 и 124/ 25), А-Интегрираната еколошка дозвола има важност од 7(седум)години. Најдоцна, една година пред истекот на законски утврдениот рок на важност на дозволата, Операторот на инсталацијата е должен да поднесе барање за обновување на Дозволата.

Преглед на барани и доставени документи

Предмет	Датум	Коментар
Барање{Бр.}	Добиено	
Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1	18.08.2026	Доставено е корегирано барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола
Објава на Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/2	26.08.2026	Објавено е Барањето за обновување на А-ИЕД во дневни весници и на веб страната од МЖСПП на ден 31.08.2026год.
Известување бр.11-3684/3	26.08.2026	Доставен е примерок од корегираното барањето за обновување на А-ИЕД, до Државниот инспекторат за животна средина на ден 31.08.2026год.
Известување бр.11-3684/3	26.08.2026	Доставен е примерок од корегираното барањето за обновување на А-ИЕД, до Град Скопје, на ден 31.08.2026год.
Известување бр.11-3684/3	26.08.2026	Доставен е примерок од корегираното барањето за обновување на А-ИЕД, до Министерство за здравство, на ден 31.08.2026год.
Известување бр.11-3684/3	26.08.2026	Доставен е примерок од корегираното барањето за обновување на А-ИЕД, до општина Ѓорче Петров на ден 31.08.2026год.
Објава на Нацрт А-ИЕД		Објавена Нацрт А-

бр.11-3684/4		ИЕД во дневен печат и на веб страната од МЖ СПП на 05.10.2026год.
Записник бр.11-3684/5	07.10.2026	Од извршен увид во инсталацијата на ден 06.10.2026год. При увидот инсталацијата не беше оперативна
А-интегрирана еколошка дозвола		Одлучено позитивно

А-Интегрирана еколошка дозвола

Дозвола

Број на дозвола: 11-3684/

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), го овластува:

Име на компанијата: АДИНГ АД Скопје

со регистрирано седиште на:

Адреса ул.1409 (Новоселски пат) бр.11
Поштенски број Град 1060 Скопје
Држава Република Северна Македонија

Број на регистрација на компанијата 4205880

Да раководи со инсталацијата
Цело име на инсталацијата: Деловен систем АДИНГ АД за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи Скопје
Адреса Новоселски пат бр.11(1409) Скопје-Ѓорче Петров
Поштенски број Град 1060 Скопје
во рамките на дозволата и условите во неа.

По овластување на Министер

Пом.Раководител на Сектор за ИЗУР

Fatos Balliu

Датум:

1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1. Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

Табела 1.1.1	Основни активности	
Активност од Прилог 1и 2 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови	**Опис на наведената активност**	**Граници на наведената активност**
Прилог 1. Точка 4.Хемиска индустрија **Прилог1 4.1** Хемиски инсталации за производство на **базични органски хемикалии, како што се: (б) хидрокарбонати** што содржат кислород, како што се алкохоли, алдехиди, кетони, карбоксилни киселини, естри, ацетати, етери, пероксиди, епоксилни смоли; **4.2** Хемиски инсталации за производство на **базични неоргански хемикалии,** како што се: **(г) соли** како што се: амониумхлорид, калиумхлорат,калиумкарбонат, натриумкарбонат, перборат,сребронитрат;	Инсталација за производство, примена, пласман и инженеринг на хемиски материјали за градежништво со сопствена контрола на квалитет, за влез на суровини, процесна контрола и контрола на готов производ.	20 000t/годишно

Табела 1.1.2 Придружни активности		
Активност	**Опис на активноста**	**Ограничувања на активноста**
Складирање на опасни (запаливи) репроматерија ли и опасни готови производи	-поставени се табли за предупредување; -изведен е антистатски под, на вратите висок праг; -инсталиран е систем за дојава на пожар;	Согласно член 8 од Законот за складирање и заштита од запални течности

1.1.2. Активностите овластени во условите 1.1.1. ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

Табела 1.1.2	
Координати на инсталацијата - АДИНГ АД Скопје	N: 42º 00´54.49" E: 21º 22´08.05"

Табела 1.1.3 Географски кординати на поставеност на објектот					
Точки	Локација	Координати		Координати според Гаус-Кругер	
		Географска ширина	Географска должина	Географска ширина	Географска должина
1.		N: 42° 00´54.49"	E: 21° 22´08.05"	Y:7 530 550	X:4 652 450

Макролокација на инсталацијата со поширокаата околина



1.1.3. Оваа дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животна средина(Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), и ништо во оваа дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.4. Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола. Сите активности кои треба да се извршат според условите на дозволата стануваат дел од дозволата.

1.1.5. По добивањето на А-интегрираната еколошка дозвола, Операторот на инсталацијата е должен редовно да врши плаќање на годишниот надоместок за поседување на дозволата, вклучително и годишниот надоместок за извршен редовен надзор, за период во кој ја поседува дозволата и по добивање на Налогот за плаќање од Надлежниот орган.

2 Работа на инсталацијата

2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1. Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

Табела 2.1.1: Управување и контрола		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Управување и контрола на инсталацијата -организациона структура на управување со инсталацијата; - организациона шема на АДИНГ АД Скопје; -систематизација на работни места	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/ 1, Поглавје III, Прилог III	18.08.2026
Список на процедури	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/ 1, Поглавје III, Прилог III	18.08.2026
Сертификати – копии од ISO 9001: 2015; ISO 14001: 2015 и ISO 17025: 2018	Барање за А- интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1 Прилог III	18.08.2026

2.1.2. Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата, ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.3. Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од дозволата.

2.1.4. Копија од оваа дозвола ќе биде достапна во секое време, за целиот персонал вклучен во изведување на работата што е предмет на барањата од дозволата.

2.1.5. Менаџерот на инсталацијата или номинирано, соодветно квалификувано и искусно лице, во улога на заменик, ќе биде присутен во инсталацијата во секое време во текот на работата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.6. Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите во дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршувањето на нивните обврски.

2.1.7. Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од обуките.

2.1.8. Операторот ќе воспостави и одржува програма за животна средина да се обезбеди дека постои соодветна контрола на процесот во разни модули на работење. Програмата ќе ги идентификува клучните индикативни параметри за контрола на функционирањето на процесот, како и методи за идентификација за мерење и контролирање на овие параметри. Абнормалните услови во кои што се одвива процесот ќе се документираат и анализираат за да се идентификува било каква корективна активност. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма за соодветни вработени лица.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за ревизија на управувањето со животната средина со цел да се провери дали:

- Активностите за управувањето со животната средина се во согласност со програмата за управување со животната средина и дали тие се имплементирани ефикасно;
- Ефективноста на системот за управување со животната средина во исполнување на политиката за животна средина на инсталацијата.

2.1.10 Операторот ќе му ги достави на Надлежниот орган, Програма за управување со животна средина (ПУЖС) и Распоредот на целите и задачите за заштита на животната средина со комплетен преглед на сите операции, процеси, опции и можности за енергетска ефикасност и намалување на

отпад, изготвени во рамките на Стандардот за животна средина на секои 12 месеци како дел од Годишниот Извештај за Животна Средина (ГИЖС).

2.1.10.1 Како дел од ГИЖС, операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7(седум) години и ќе се достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

2.1.11. Регистар на испуштање на загадувачки материи (РИПЗМ)

2.1.11.1 Во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, Операторот ќе ја договори, со Надлежниот орган, листата на супстанции кои ќе бидат вклучени во РИПЗМ како и методологијата користена при нивно определување. Оваа листа треба да биде дел од ГИЖС.

2.1.12 Документација

2.1.12.1 Операторот ќе воспостави и одржува систем за документација на управувањето со животната средина, кој ќе биде доставен до Надлежниот орган.

2.1.13 Корективни мерки

2.1.13.1 Операторот ќе воспостави процедури според кои ќе се преземат корективни мерки доколку специфицираните барања од Дозволата не се исполнети. Во процедурите треба да се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности во случај на пријавени прекршувања.

2.1.14 Подигање на свеста и обука

2.1.14.1 Операторот ќе воспостави и одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука на целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да ги чува записите од обуките.

2.1.15 Програма за комуникација

2.1.15.1 Во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на Дозволата, Операторот ќе воспостави програма со која ќе и обезбеди пристап на јавноста до информациите кои се однесуваат на

состојбата со животната средина. Оваа програма ќе биде доставена до Надлежниот орган.

2.1.16 Програма за одржување

2.1.16.1 Сите постројки, опремата и техничките делови кои се во функција на инсталацијата треба да се одржуваат во добра работна состојба.

2.1.16.2 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која може да има влијание врз животната средина, базирана на упатствата издадени од страна на производителот/добавувачот или изведувачот на таа опрема. Како додаток кон програмата треба да се обезбеди и соодветно чување на записите и контролните тестирања.

2.1.16.3 Операторот треба јасно да ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветниот персонал.

2.1.17 Контрола на ефикасноста на процесите

2.1.17.1 Операторот ќе воспостави и одржува програма за да се обезбеди соодветна контрола на процесот во разни модули на работење. Програмата треба да ги идентификува клучните индикативни параметри за контрола на функционирањето на процесот, како и методите за идентификација, мерење и контролирање на овие параметри. Сите абнормални услови во кои се одвива процесот треба да се документираат и анализираат со цел да се идентификува било каква корективна активност.

2.2. Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1. Операторот, согласно условите од измената на дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1., или на друг начин договорен со Надлежнот орган во писмена форма.

Табела 2.2.1: Суровини (вклучувајќи и вода)		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Детали за суровини, меѓупроизводи, производи, итн. Поврзани со процесите, а кои се употребуваат или се создадени на локацијата	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/ 1, Анекс 1 – Табела IV.1.1.	18.08.2026
Детали за суровини, меѓупроизводи, производи , итн. Поврзани со процесите, а кои се употребуваат или се создадени на локацијата	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/ 1, Анекс 1 – Табела IV.1.2	18.08.2026
Податоци за суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива и енергии употребени и произведени во Инсталацијата	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/ 1, Поглавје IV.1	18.08.2026
Енергенси и вода	Барање за обновување наА-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1Поглавје IV.1Табеларен приказ	18.08.2026
Безбедносни листови за произведени продукти	Барање за обновување наА-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Прилог V.4	18.08.2026
Ракување со суровини, горива, меѓупроизводи и производи	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Поглавје V.1	18.08.2026
Процедура за управување со опасни материјали	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Прилог V.1	18.08.2026
Извештај за увезени супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Прилог V.6	18.08.2026
Извештај за извезени супстанции што ја	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Прилог	18.08.2026

осиромашуваат озонската обвивка	V.7	

2.2.2 Операторот на секои 12 (дванаесет) месеци ќе врши ревизија на количеството на употребена вода во инсталацијата со цел да ги идентификува начините за поефикасно користење на истата. Заклучоците од оваа ревизија ќе бидат вклучени во извештајот дефиниран во Додаток 2 (Распоред на целите и задачите за животната средина).

2.2.3 Операторот ќе направи проценка на ефикасноста на употребените суровини во сите процеси, со особено внимание на намалување на создавањето отпад. Проценката треба да се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, истите треба да се вклучат во Распоредот на целите и задачите за животната средина.

2.2.4 Суровините или препаратите кои што, поради нивната содржина на ИОС, се класифицирани како канцерогени, мутагени или како токсични за репродукција, Операторот треба да ги замени со помалку штетни супстанции или препарати.

2.2.5 Операторот, се обврзува да обезбеди дозвола за користење на бунарска вода за технолошки процес, и по добивањето на дозволата да достави копија од истата.

2.2.6 Операторот ќе води Регистар на белешки за заштита и сигурност на сите суровини кои ги користи во инсталацијата.

2.2.7 Операторот ќе го известува Надлежниот орган за животна средина за секоја промена на суровините кои ги користи надвор од оние кои се наведени во барањето за обновување на А-ИЕД, бр.11-3684/1 од 18.08.2026год. Ова известување ќе се врши, доколку за тоа има потреба.

2.2.8 Операторот ќе направи преглед на ефикасноста на употребата на суровини во сите процеси, со особено внимание на намалувањето на создавањето отпад, кој ќе се создава како резултат на одржувањето на машините и опремата. Утврдувањето ќе се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, ќе се инкорпорираат во распоредот на цели и задачи за животната средина.

2.2.9 Операторот ќе обезбеди, безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на магацинот за складирање.

2.2.10 На целокупната амбалажа за чување на суровините, ќе биде прецизно означена содржината и количината на истите.

2.2.11 Во магацинот за складирање на суровините ќе има соодветен капацитет на опрема и/или соодветни абсорпциски материјали за да го задржат и апсорбираат било кое протекување во инсталацијата. Откако еднаш ќе се употреби апсорбцискиот материјал, истиот ќе се складира на соодветно место се до негово отстранување.

2.3. Техники на работа

2.3.1. Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1. или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

Табела 2.3.1: Техники на работа		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Опис на инсталацијата, нејзините технички делови и директно поврзаните активности -опис на технолошкиот процес	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје II	18.08.2026
Погон за производство на прашкасти производи	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје II.1	18.08.2026
Погон за производство на течни адитиви на водена основа	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје II.2	18.08.2026
Погон за производство на пастозни производи на база на растворувачи	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје II.3	18.08.2026
Погон за производство на пастозни и течни производи на база на водени дисперзии	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје II.4	18.08.2026
Погон за производство на прашкасти материјали и магацин за готови производи	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје II.5	18.08.2026
Помошна инфраструктура	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје II.6	18.08.2026
Диспозиција на објектите и опремата: -постоечка состојба-индустриски комплекс АДИНГ АД Скопје	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Прилог II.1	18.08.2026
Ракување со материјалите -Ракување со суровини, горива, меѓупроизводи и производи;	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје V.1	18.08.2026
Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата: -процедура-управување со отпад	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје V.2	18.08.2026

Опис на технологии и други техники за спречување, или доколку тоа не е можно, намалување на емисиите на загадувачките материи: - мерки за спречување на загадувањето вклучени во процесот; - мерки за третман и контрола на загадувањето на крајот од процесот;	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје VIII	18.08.2026
Опис на други планирани превентивни мерки -спречување на несреќи и итно реагирање;	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје XII.1	18.08.2026
Други важни документи поврзани со заштитата на животната средина -Процедура-планирање за постапување во случај на незгода или вонредна состојба	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје XII.2	18.08.2026
Еколошки аспекти и најдобри достапни техники	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Поглавје X	18.08.2026

2.3.2. Операторот ќе го минимизира бројот на застои на операциите на инсталацијата.

2.3.3. Операторот ќе врши редовна контрола на садовите под притисок и сите цевководи и во временски периоди согласно меѓународните стандарди за тој вид садови и инсталација и ќе го известува Надлежниот орган за нивната состојба.

2.3.4 Ракувањето со суровините, горивата, хемикалиите, помошните материјали и електричната енергија се одвива (и ќе се одвива), според техничко-технолошки норми и барања, согласно законската регулатива.

2.4. Заштита на подземните води

2.4.1. Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде контролирана како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорени со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.4.1: Заштита на подземните води		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола,бр.11-3684/ 1, Поглавје V.2	18.08.2026
Одложување на отпадот во границите на инсталацијата	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Поглавје V.3	18.08.2026
Ракување со суровини, горива, меѓупроизводи и производи	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Поглавје V.1	18.08.2026
Оценка на влијанието на испуштањата во канализација	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Поглавје VII.4	18.08.2026
Оценка на влијанието на емисиите врз почвата и подземните води	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Поглавје VII.5	18.08.2026
Оценка на влијанието врз животната средина на искористувањето на отпадот во рамките на локацијата и/ или неговото одлагање	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Поглавје VII.7	18.08.2026
Опис на други планирани превентивни мерки	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/ 1, Поглавје XII	18.08.2026

2.4.2. Суровините, меѓупродуктите, производите и создадениот отпад ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање и истекување. Материјалите јасно ќе бидат означени и соодветно одделени.

2.4.3. Товарењето и истоварувањето на материјалите ќе се извршува на места наменети за тоа, заштитени од истурање и истекување.

2.4.4. Операторот во инсталацијата ќе има соодветен капацитет на опрема и/или соодветни абсорпциски материјали за да го задржат и апсорбираат било кое протекување во инсталацијата. Откако еднаш ќе се употреби апсорпцискиот материјал, истиот ќе се складира на соодветно место.

2.4.5. Сите резервоари и цевоводи ќе се одржуваат соодветно на материјалите кои се пренесуваат низ или се складираат во нив.

2.4.6. Дренажните системи, танкваните, ќе се прегледуваат неделно и соодветно ќе се одржуваат во секое време.

2.4.7. Се задолжува операторот на инсталацијата да врши редовни контроли на сите садови под притисок во согласност со законската регулатива.

2.4.8. Простор за складирање

2.4.8.1 Целиот простор за складирање во резервоари и буриња, како минимум, треба да има локална или оддалечена танк-вана чиј волумен не е помал од следното:

а. 110% од капацитетот на најголемиот сад или буре во рамките на ограденaта област; или

б. 25% од вкупниот волумен на супстанцијата која може да се складира во рамките на ограденaта област.

2.4.8.2 Целокупното истекување од ограденaта област ќе се третира како опасен отпад се додека Операторот не покаже дека е поинаку. Целиот течен отпад од оградените области ќе се насочи за собирање и безбедно одлагање на депонија.

2.4.8.3 Сите влезни и излезни приклучоци, вентилациони цевки и приклучоци за мерење мора да бидат во рамките на танк-ваната.

2.4.8.4 Сите садови, контејнери и буриња треба да бидат јасно означени за да се индицира нивната содржина. Означувањето треба да биде со табли поставени пред секој резервоар, буре или група буриња со иста содржина.

2.4.8.5 Операторот е должен, согласно Законот за складирање и заштита од запаливи течности и гасови, да обезбеди согласност од МВР, за градба на магацин, склад или резервоар за складирање на запални течности или гасови.

2.5. Ракување и складирање на отпадот

2.5.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1., или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.5.1: Ракување и складирање на отпадот		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата: -процедура за управување со отпад AME-446-101	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Поглавје V.2	18.08.2026
Одложување на отпадот во границите на инсталацијата	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Поглавје V.3	18.08.2026
Листа на отпадни материјали	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог V.1	18.08.2026
Отпад-користење/одложување на опасен отпад	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Анекс 1-ТабелаV.2.1	18.08.2026
Отпад – Друг вид на користење/одложување на отпад	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Анекс 1-ТабелаV.2.2	18.08.2026
Дополнителни видови отпад	Електронски доставен податок	03.09.2026

2.5.2 Отпадот треба јасно да се означи, соодветно да се оддели и складира во определени места, соодветно заштитени од прелевање и истекување.

2.5.3 На Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со било каков друг неопасен отпад.

2.5.4 Операторот ќе обезбеди отпадот, пред да се пренесе на друго лице, да биде спакуван и означен согласно националните, европските или други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

2.5.5 Процедурата со која се утврдува начинот на управување со отпадот во АДИНГ АД да се почитува и применува во сите организациони делови, складирање под контролирани услови и предавање на лиценцирани фирми за управување со отпад.

Табела 2.5.2 : Отпад складиран на самата локација			
Опис на отпадот	**Место на складирање на самата локација**	**Начин на складирање**	**Услови на складирање**
1.Бои, мастила, лепила и смоли што содржат опасни супстанции (отпад од епоксидни системи) **-20 01 27*-**	Времено, во специјално изграден и заштитен склад (од производство на базни производи);	Метални буриња со широк отвор СКЛ-01 план локација	До конечно предавање на овластена компанија
2.Отфрлена електрична и електронска опрема неспомната во 20 01 21, 20 01 23 и 20 01 35 (тастатури, исфрлена електрична и електронска опрема); **-20 01 36-**	Времено, во специјално изграден и заштитен склад (од служба КДС);	Метални буриња со широк отвор СКЛ-01 план локација	До конечно предавање на овластена компанија
3. Отпаден тонер за печатење поинаков од оној во 08 03 17 -08 03 18-	Времено, во специјално изграден и заштитен склад (од служба КДС);	Затворен сад	Се враќа на прозводителот
4. Хартија и картон -20 01 01-	Времено во кругот на инсталацијата (од производство на прашкасти производи);	контејнери - канти	До конечно предавање за рециклирање согласно склучен договор
5. Пластика -20 01 39-	Времено во кругот на инсталацијата (од производство на готов производ);	контејнери - канти	До конечно предавање за рециклирање согласно склучен договор

6. Метали **-20 0140-**	Времено во кругот на инсталацијата	контејнери - канти	До конечно предавање за рециклирање согласно склучен договор
7.Биоразградлив отпад од кујни и кантини **-20 0108-**	Времено во кругот на инсталацијата	контејнер за отпад	До конечно предавање согласно склучен договор
8. Отпад од производство на композитни материјали врз база на цемент, поинаков од оние во 10 13 09 и 10 13 10; **-10 13 11-**	Времено во кругот на инсталацијата	Контејнер за градежен шут	До конечно предавање согласно склучен договор
9.Отпад од таложник (други фракции); **-20 0199-**	Времено во таложник	Таложник	До конечно предавање согласно склучен договор
10.Батерии и акумулатори неспомнати во 20 0133; **-20 0134-**	/	/	Во моментот не се генерираат отпадни батерии и акумулатори
11.флуоросцентни ламби и друг отпад што содржи жива; **-20 0121***	/	/	Во моментот не се генерираат флуоросцентни ламби

2.5.2. Операторот ќе обезбеди дека отпадот, пред да се пренесе на друго лице, соодветно ќе се спакува и ќе се означи согласно националните, Европските и било кои други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

2.5.3. Операторот ќе врши ракување и складирање на отпадот (неопасен и опасен) согласно Законот за управување со отпад.

2.5.4. Доколку не е одобрено написмено од страна на Надлежниот орган, на Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со неопасен отпад.

2.5.5. Операторот годишно (на секои 12 месеци) ќе приложува План на кој се прикажани местата за складирање на отпадот.

2.5.6. Складишните површини за отпад, ќе бидат проектирани на тој начин што ќе спречат да дојде до неовластено и инцидентно испуштање на какви било загадувачки супстанции во почва, површинските и подземните води, во согласност со одредбите предвидени во релевантната легислатива.

2.5.7. Операторот на инсталацијата е должен да склучи договор со овластена компанија за управување со отпад, за собирање на отпадот создаден од работата на инсталацијата или да изнајде соодветно техничко решение за искористување на овој отпад како секундарна суровина.

2.6. Преработка и одлагање на отпад

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во табела 2.6.1., или на друг начин договорен писмено со Надлежниот орган.

Табела 2.6.1: Искористување и отстранување на отпадот		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Поглавје V.2	18.08.2026
Процедура за управување со отпад АМЕ 446 101	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Поглавје V.2	18.08.2026
-листа на отпадни материјали; -месечен преглед на состојбата на отпадни материјали; -годишен извештај за управување со отпадни материјали; -упатство за работа на таложникот; -упатство за работа на котларата; -упатство за начинот за класифицирање, складирање и отстранување на отпад од институт;	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог V	18.08.2026
Отпад – Друг вид на користење/одложување на отпад	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Анекс 1Табели – Табела V.2.2	18.08.2026
Договор за деловно техничка соработка – за отпадни материјали бр. 03-837/1 од 04.03.2026	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог V	18.08.2026
Анекс на договор за собирање и транспорт на комунален отпад бр. 03-5481/2 од 24.11.2020	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог V	18.08.2026
Договор за вршење на услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и градежен шут како и изнајмување садови за одлагање на отпад бр.03-3683 од 20.09.2016	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог V	18.08.2026
Договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување бр.03-102/1 од 14.01.2022	Барање за обновување на А- интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог V	18.08.2026

2.6.2. Рециклирањето и одлагањето на отпадот на определено место ќе се одвива само во согласност на условите на оваа Дозвола и во согласност со соодветните национални и Европски законски регулативи и протоколи.

2.6.3. Операторот ќе врши преработка и одлагање на неопасен отпад согласно Законот за управување со отпад.

2.6.4 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпад на локацијата ќе се води целосна евиденција, која ќе биде достапна за инспектирање од страна на овластените лица на Надлежниот орган во секое време.

2.6.5 Отпадот кој ќе се испраќа за рециклирање или отстранување надвор од локацијата ќе се транспортира само од страна на овластено лице. Транспортот на отпадот ќе се врши само од локацијата на активноста до локацијата на рециклирање/отстранување, на начин кој нема негативно да влијае врз животната средина и е во согласност со соодветната национална и европска легислатива и протоколи.

2.6.6 Операторот треба да го следи целиот отпад што се отстранува надвор од инсталацијата до неговата крајна дестинација на третман или отстранување и да ги поседува сите правни документи за докажување.

2.6.7 Операторот е одговорен за целиот отпад произведен и отстранет, до конечното депонирање /рециклирање на отпадот согласно Законот за отпад.

2.6.8 Операторот е должен да изнајде решение за опасниот отпад (метални буриња), складиран во депото за привремено складирање.

2.6.7 Операторот редовно ќе ги обновува договорите со овластените компании за превземање на сите видови отпад.

2.6.8 Операторот ќе го извести надлежниот орган за било каква промена во однос на количините, видовите на отпад и било каква промена во Договорите за превземање на отпад.

2.7. Енергетска ефикасност

2.7.1. Операторот, согласно условите во измената на дозволата, ќе употребува енергија како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1. или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела 2.7.1: Енергетска ефикасност

Опис	Документ	Дата кога е примено
Информација во врска со промена на системот за греење во АДИНГ од 30.10.2024	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог VI	18.08.2026

2.7.2. Операторот треба да има план за управување со енергијата, кој ќе биде дополнуван годишно, како дел од Системот за управување со животна средина (ЕМС) и Планот за управување со животната средина.

2.7.3. Операторот ќе се придржува кон НДТ за услови за основна енергија, НДТ за основни енергетски потреби и НДТ за понатамошни услови за штедење енергија.

2.7.4 Операторот треба да обезбеди информации за постигнат напредок во енергетската ефикасност и заштеди годишните извештаи доставени до Надллежниот орган.

2.8. Спречување и контрола на несакани дејствија

2.8.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од несаканите дејствија, онака како што е опишано во документите наведени во табела 2.8.1., или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела 2.8.1: Спречување и контрола на несакани дејствија		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Опис на други планирани превентивни мерки -План за постапување во случај на незгода или вонредна состојба; -Други важни документи поврзани со заштитата на животната средина;	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Поглавје XII	18.08.2026
Процедура-планирање за постапување во случај на незгода или вонредна состојба	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог XII	18.08.2026
-План за постапување во случај на незгода или вонредна состојба, AME-447-101-01	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог XII	18.08.2026

2.8.2. Операторот ќе се придржува кон Планот за постапување во случај на незгода или вонредна состојба, дел од Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола, бр.11-3684/1, Прилог XII од 18.08.2026год.

2.8.3. Во случај да постои значителен ризик за испуштање на контаминирана вода, Операторот треба врз основа на наодите од оценатa на ризикот, да подготви и имплементира, во согласност со Надлежниот орган, соодветна програма за управување со ризици. Програмата за управување со ризици треба целосно да се имплементира во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на известувањето од страна на Надлежниот орган.

2.8.4. Во случај на несреќа Операторот веднаш треба да:

- го изолира изворот на било какви емисии;
- спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија;
- го процени загадувањето на животната средина, предизвикано од инцидентот;
- да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите и ефектите кои следуваат;
- го забележи датумот и местото на несреќата;
- веднаш да го извести Надлежниот орган и другите релевантни институции.

2.8.5 Во случај на несреќа Операторот во рок од 1 (еден) месец од несреќата треба да достави предлог до Надлежниот орган или друг начин договорен со Надлежниот орган. Предлогот има за цел да:

- идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата;
- идентификува и постави било какви други активности за санација.

2.8.6 Операторот ќе изврши проценка на ризикот со цел да определи дали инсталацијата има потреба од постројка за задржување на водата користена против пожари. Во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавањето на оваа Дозвола, Операторот ќе ги поднесе до Надлежниот орган проценката и извештајот со наодите и препораките.

2.8.7 Во случај на пожар или излевање на водата за гасење на пожари, излеаната вода треба да биде задржана. Операторот треба ја испита можноста за автоматско пренасочување на водата за гасење на пожари во сафатни базени и ова треба да биде дел од Планот за постапување во итни случаи од условот.

2.8.8 Операторот во врска со спречување и контрола на несакани дејствија, а што е различно од претходно наведеното, ќе постапува согласно Законот за животна средина, Глава XV – Спречување и контрола на хаваријте со присуство на опасни супстанции.

2.9 Бучава и вибрации

2.9.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ја контролира бучавата и вибрациите како што е опишано во документите наведени во табела 2.9.1., доколку е во согласност со точките 2.9.2. или 2.9.3. од оваа Дозвола, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела 2.9.1: Бучава и вибрации		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Емисии на бучава и Вибрации	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Поглавје VI.5 и VI.6	18.08.2026
Лабораториски извештаи од извршени мерења на нивото на бучава	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог VI	18.08.2026
Емисии на бучава, збирна листа на изворите на бучава	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Анекс I, Табели – Табела VI.5.1	18.08.2026
Оценка на амбиенталната бучава	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Анекс I, Табели – Табела VII..8.1	18.08.2026

2.9.2. Мониторингот на индикаторите за бучава во животната средина предизвикана од извори на бучава од инсталацијата за која се издава дозвола ќе се изведува согласно националното законодавство на РМ (“Закон за заштита од бучава во животната средина” , Сл. весник на РМ, бр. 79/07; “Правилник за поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат овластени научни стручни организации и институции како и други правни и физички лица, за вршење на определени стручни работи за мониторинг на бучава”, Сл. весник на РМ, бр. 152/08; “Правилник за примената на индикаторите за бучава, дополнителни индикатори за бучава, начинот на мерење на бучава и методите за оценување со индикаторите за бучава во животната средина”, Сл. весник на РМ, бр.117/08).

2.9.3. Доколку вршителот на мерење е акредитиран согласно стандардот МКС EN 17025 за мерење на индикаторите за бучава во животната средина се смета дека го исполнува условот од точка 2.9.2.

2.10. Мониторинг

2.10.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.10.1, доколку е во согласност со точката 2.10.3 и/или 2.10.4 од оваа Дозвола, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела 2.10.1: Мониторинг		
Опис	**Документ**	**Дата кога е применo**
Мониторинг на емисиите и точки на земање на примероци	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Анекс 1 Табела IX.1.1	18.08.2026
Места на мониторинг и земање на примероци **-**места на мониторинг на квалитет на амбиенталниот воздух; -места на мониторинг на квалитет на отпадни води; -места на мониторинг на нивото на бучава;	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Поглавје IX	18.08.2026
Процедура- мониторинг и мерење AME -451-101	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Прилог IX	18.08.2026

2.10.2 Ќе обезбеди:

а безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведено во Додаток 2 од дозволата освен ако не е поинаку наведено во Додатокот, и

б безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.10.3 Сите автоматски монитори и узоркувачи треба цело време да се во функција (освен во текот на одржување и калибрирање) додека се извршува активноста, освен доколку е поинаку договорено со Надлежниот орган во пишана форма за определен временски период. Во случај на нефункционирање на некој континуиран монитор, Операторот ќе контактира со Надлежниот орган што е можно побрзо со цел да се постави алтернативен начин за земање примерок и мониторинг. За употреба на алтернативна опрема кога не станува збор за итни ситуации, треба да се добие одобрение од Надлежниот орган.

2.10.4 Со опремата за мониторинг и анализа треба да се ракува и истата да се одржува така што мониторингот да даде точни резултати за емисиите или испуштањата.

2.10.5 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторингот, земањето примероци и анализата може да се изменат во согласност со Надлежниот орган, по претходна евалуација на резултатите од извршеното тестирање.

2.10.6 Операторот ќе обезбеди опремата за земање примероци од подземни води да биде инсталирана на локацијата и спремна за употреба во секое време. Спецификациите за опремата за земање примероци ќе ја одреди Надлежниот орган.

2.10.7 Земањето примероци и анализата на сите загадувачи како и референтните методи за калибрирање на автоматизираните мерни системи ќе се вршат во согласност со CEN стандардите. Доколку овие стандарди не се достапни, ќе се користат ISO, национални или меѓународни стандарди кои ќе обезбедат собирање на податоци од еквивалентен научен квалитет.

2.10.8 Емисионите гранични вредности на емисиите во вода во оваа Дозвола ќе се толкуваат на следниот начин:

а) Континуиран мониторинг:
- Вредноста на протокот не смее да ја надмине дадената граница;
- Вредноста за pH не смее да отстапува од специфицираниот опсег;

- Вредноста на температурата не смее да ја надмине граничната вредност.

б) Комбинирано (композитно) земање примероци:

- Вредноста за pH не смее да отстапува од специфицираниот опсег;
- Вредноста на температурата не смее да ја надмине граничната вредност
- За параметри различни од pH, темература и проток, осум од десет последователни резултати, пресметани како средна дневна концентрација или масени емисиони вредности врз основа на композитно земање на примерок пропорционално на протокот, нема да ја надминат граничната вредност на емисија. Ниту еден поединечен резултат пресметан на сличен начин не смее да надмине 1.2 пати од граничната вредност на емисија.

в) Земање примероци со зафат:

За параметрите освен pH, температура и проток, ниту еден примерок земен со зафаќање не смее да надмине 1.2 пати од граничната вредност на емисија.

2.10.9 На оние места каде можноста за мерење на параметарот е под влијание на мешање пред емисија, тогаш во согласност со Надлежниот орган, параметарот може да се оцени пред да се случи мешањето.

2.10.10 Во случај на комбинирано земање на примероци од операции во инсталацијата, посебен комбиниран примерок или хомогенизиран под-примерок (од доволен волумен, како што е препорачано) треба да се стави во фрижидер веднаш по земањето и да се чува за проверка и користење од страна на Надлежниот орган

2.10.11 Се задолжува операторот АДИНГ АД Скопје, редовно да доставува извештај од извршени мерења од мониторинг направен од акредитирана лабораторија.

2.11. Престанок на работа

2.11.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во табела 2.11.1., или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.11.1: Престанок на работа

Опис	Документ	Дата кога е применo
Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите.	Барање за обновување на А-интегрирана еколошка дозвола бр.11-3684/1, Поглавје XIII	18.08.2026

2.11.2 После конечен или планиран прекин за период подолг од 6 (шест) месеци, на работата на целата или на дел од локацијата каде што се изведува активноста, Операторот во договор со Надлежниот орган, ќе ја предаде локацијата безбедно, односно доколку е потребно ќе ја отстрани целата почва или дел од неа, објектите или опремата или секој отпад, материјали и други супстанции кои може да предизвикаат загадување на животната средина.

2.11.3 План за престанок со работа и управување со остатоци:

2.11.3.1 Операторот ќе изготви детален план со финансиски показатели за престанок со работа или затворање на целата или на дел од локацијата. Овој План ќе се поднесе до Надлежниот орган во рок од 24 (дваесет и четири) месеци од денот на издавање на оваа Дозвола.

2.11.3.2 Планот ќе се ревидира годишно и предложените измени ќе се достават до Надлежниот орган како дел од ГИЖС.

2.11.4 Планот за управување со остатоци како минимум треба да го вклучи следното:

- Изјава за обемот на планот;

- Критериумите кои го дефинираат успешниот престанок на активностите или на некој дел од нив и кои обезбедуваат минимум влијание врз животната средина;
- Програма за постигнување на утврдените критериуми;
- Доколку е возможно, планот треба да вклучи тест програма со која ќе се покаже успешното спроведување на истиот;
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

2.11.5 Во рок од 3 (три) месеци од извршување на планот, Операторот треба да поднесе до Надлежниот орган финален извештај за потврда кој ќе вклучи и сертификат за комплетирање на планот за управување со остатоци. Операторот треба да ги изврши сите потребни тестови и анализи, вклучувајќи и сертификат, онака како што бара Надлежниот орган, со цел да покаже дека не постои понатамошен ризик по животната средина.

2.11.6 Како дел од ГИЖС, Операторот треба да обезбеди годишен извештај за преземените или предвидените мерки во врска со спречување на штети по животната средина и да предвиди финансиски средства потребни за ремедијација која ќе следи по конечниот престанок со работа на инсталацијата, како и по инцидентите.

2.11.7 Како дел од мерките наведени во условот 2.11.5, Операторот треба да обезбеди финансиски средства кои ќе ги покријат обврските од условот 2.11.6. Финансиската надокнада ќе се разгледува и ревидира според потребите, но најмалку еднаш годишно. Доказ за промени или ревидирање на финансиската надокнада треба да се вклучи во годишниот извештај наведен во условот 2.11.5.

2.11.8 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба, по престанокот на работа на инсталацијата, од страна на операторот, ќе се врши согласно Законот за животна средина, член 120.

2.12. Инсталации со повеќе оператори

2.12.1. Со инсталацијата за која се издава дозволата управува само еден оператор. Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2. од оваа дозвола.

3 Документација

3.1.1. Документацијата (“Специфицирана Документација”) ќе содржи податоци за:

а секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите врз животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава измената на дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

б целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2. За инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време ќе бидат достапни:

а Специфицираната документација;

б Било кои други документи направени од страна на Операторот поврзани со работата на инсталацијата за која се издава дозволата (“Други документи”).

3.1.3. Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4. Специфицираните и другите документи треба:

а да бидат читливи;

б да бидат направени што е можно побрзо;

ц да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5. Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста.

3.1.6. За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за:

а составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

б најдобра проценка на создадената количина отпад;

ц трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и

д најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.1.7. Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

3.1.8. Системите за транспорт ќе се контролираат и редовно ќе се врши инспекција, за да не настане дисперзија на материјалот или истекување. Операторот е должен да води и чува евиденција од истата.

3.1.9. Операторот ќе води записник од секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените активности за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган.

3.1.10. Операторот ќе се придржува кон своите обврски, согласно Законот за животна средина, член 110 (Општи обврски на операторот), 111 (Обврски на носителот на А-интегрирана еколошка дозвола) и 112 (обврска за асистенција).

4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа измена на дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2:

а во однос на наведени емисиони точки;

б за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

ц давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

д испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок наведен во Табела Д2 во Додатокот 2

Содржина на Годишен извештај за животна средина
Извештај за мониторинг за емисија во воздух, канализација и бучава Извештај за управување со отпад Извештај за управување со отпадни води, (санитарни, технички и атмосферски) Преглед за потрошувачка на суровини Извештај за забелешки (жалби/поплаки). Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година. Програма за управување со животната средина - предлог за тековната година. Извештај за тестирање и инспекција на резервоари и цевоводите. Извештај на пријавени инциденти. Извештај за енергетска ефикасност Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и редукција на генерираниот отпад. Извештај за менаџерскиот персонал на инсталацијата. Материјален биланс за употребена вода Извештај за прогресот кој е направен и развиените предлози за да се минимизира побарувачката на вода и волуменот на создавање на отпадни води. Извештај за реализација на програма за јавно информирање Копии од договори за соодветно постапување со различните категории отпад, отпадни води, атмосферски води; Копија од Сертификат за животна средина

Годишниот извештај за животна средина операторот ќе го достави до Надлежниот орган најдоцна до 31 март наредната година.

5 Известувања

5.1.1. Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

а кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

в. кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

г било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2. Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1. согласно Распоредот 1 од оваа дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Распоредот 1 од оваа дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Распоред, што е можно побрзо.

5.1.3. Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве

а перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

б престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

в повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3. (б).

5.1.4. Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

а било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

б промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

в за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен.

5.1.5. Операторот ќе обезбеди и одржува огласна табла за инсталацијата која ќе биде читлива за лицата кои се надвор. Минималните димензии на таблата треба да бидат 1200 mm на 750 mm. На таблата треба јасно да бидат прикажани:

- Името и телефонскиот број на инсталацијата;
- Работно време;
- Името на имателот на дозволата;
- Телефон за контакт во итни случаи надвор од работното време;
- Референтен број на дозволата; и
- Каде може да се добијат информации за животната средина во врска со оваа инсталација.

6 Емисии

6.1. Емисии во воздух

6.1.1. Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1., ќе потекнат само од извори(и) наведени(и) во таа Табела.

Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот		
Ознака на точка на емисија/ опис	**Извор**	**Локација на точката на емисија**
A1	Испуст од погон за прашкасти производи	E: 21º36'301" N: 42 º01'570"
A2	Испуст од погон за течни производи	E: 21 º36'236" N: 42 º01'489"
A3	Испуст од лабораторија бр.3	E: 21 º36'298" N: 42 º01'556"
A4	Испуст од вентилација на погон за пастозни производи на база на растворувачи	E: 21 º36'265" N: 42 º01'521"

6.1.2. Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табелите 6.1.2. до 6.1.6. нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табелите 6.1.2. до 6.1.6. на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во таа Табела.

6.1.4. Во случај на појава на фугитивни емисии во воздух од активностите во инсталацијата, се задолжува операторот истите да ги контролира и намалува, со цел да се избегнат негативните влијанија врз животната средина.

Табела 6.1.2: Гранични вредности на емисии во воздух			
Параметри	**Ознака на точка на емисија: А1 Погон за прашкасти производи** (вреќаст филтер за отпрашување)		**Фреквенција на мониторинг**
Проток:	0,16kg/h		
	Од: (датум)	Концентрација (mg/Nm^3)	
Прашина		50mg/ m^3-при масен проток >0,5kg/h 150 mg/m^3 –при масен проток ≤0,5kg/h	Квартално

Табела 6.1.3: Гранични вредности на емисии во воздух			
Параметри	**Ознака на точка на емисија: А2 Погон за течни производи**		**Фреквенција на мониторинг**
Проток:	0,16kg/h		
	Од: (датум)	Концентрација (mg/Nm^3)	
Прашина		50mg/ m^3-при масен проток >0,5kg/h 150 mg/m^3 –при масен проток ≤0,5kg/h	Квартално

Табела 6.1.4: Гранични вредности на емисии во воздух			
Параметри	**Ознака на точка на емисија: А3- Испуст од лабораторија бр.3**		**Фреквенција на мониторинг**
Проток:	поголем или еднаков на 2kg/h		
	Од: (датум)	Концентрација (mg/Nm^3)	
Испарливи органски соединенија		100	Квартално

Резултатите од мерењата се сведени на стандардни услови од 0℃, 101,3kPa на сув гас.

Табела 6.1.5: Гранични вредности на емисии во воздух			
Параметри	**Ознака на точка на емисија: А4- Испуст од вентилација на Погон за пастозни производи на база на растворувачи**		**Фреквенција на мониторинг**
Проток:	поголем или еднаков на 2kg/h		
	Од: (датум)	Концентрација (mg/Nm^3)	
Испарливи органски соединенија		100	Квартално

Резултатите од мерењата се сведени на стандардни услови од 0℃, 101,3kPa на сув гас.

6.1.5 Кога во отпадниот гас или пареа истовремено се присутни повеќе загадувачки супстанции од различни групи, заедничката емисија на супстанциите од иста група не треба да ја надминува ГВЕ за одделната супстанција од групата, при што треба да бидат исполнети барањата од секоја група одделно.

6.1.6 Видовите на органски супстанции, нивните класи, ГВЕ и вредностите на емитиран проток се дадени во Табела 6.1.6

Табела 6.1.6: Гранични вредности од органски супстанции			
Вид на супстанција	**Класа**	**ГВЕ (mg/m^3)**	**За емитиран масен проток до и над (kg/h)**
	I	20	0,1
	II	**100**	**2**
	III	150	3

6.1.7 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.8 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.9 Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се превземат да се минимизира емисијата.

6.1.10 Мерењата за утврдување на концентрациите на загадувачките супстанции на воздух и вода треба да се изведуваат репрезентативно.

6.1.11 Граничните вредности на емисиите во атмосферата дадени во оваа Дозвола треба да се интерпретираат на следниот начин:

6.1.11.1 Дисконтинуиран мониторинг:

- За секој параметар каде што поради ограничувања при земањето примерок или аналитички ограничувања, 30 минутен примерок не е соодветен/практичен, ќе се примени соодветен период за земање примерок и добиената вредност при тоа не смее да ја надмине граничната вредност за емисија.

- За проток, ниту една средно часовна или средно дневна вредност, пресметана на основа на соодветно периодично отчитување, не смее да ја надмине релевантната граничната вредност за емисија.

- За сите други параметри, ниту една 30 минутна средна вредност не смее да ја надмине граничната вредност на емисија.

- Праговите за масен проток се толкуваат како количества изразени во единици kg/h, над кои се применуваат граничните вредности за концентрација. Праговите за масен проток се определуваат врз основа на единечно 30

минутно мерење (т.е. добиената получасовна концентрацијата (kg/Nm^3) треба да се помножи со протокот на гасот (Nm^3/h) и резултатот се изразува како (kg/h).

- Границите за масен проток се пресметуваат врз основа на концентрацијата, определена како аритметичка средина во еден определен период, помножена со репрезентативна вредност на протокот. Ниту една вредност така добиена не смее да ја надмине граничната вредност за масен проток.

6.1.12 Операторот ќе воспостави Програма за откривање, контрола, спречување и намалување на фугитивните емисии.

6.1.12.1 Програмата ќе вклучува:

- Инвентар за фугитивни емисии од инсталацијата;
- Фрекфенција на мерења:;
- Типови на компоненти кои треба да се проверуваат: резервоари, пумпи, контролни вентили, изменувачи на топлина, конектори, фланши итн.

6.1.13 Операторот ќе треба: емисиите во амбиентниот воздух да ги испушта контролирано, преку соодветно конструирани постројки за испуст.

6.1.14 Емисиите што се испуштаат од еден стационарен извор, согласно Законот за животна средина, не треба да надминат повеќе од 25% од пропишаните гранични вредности за квалитет на воздух, при што крајното одредување на уделот на емисиите што се испуштаат од тој извор се дефинира во дозволите за усогласување со оперативен план, односно интегрираните еколошки дозволи.

6.1.15 Границите на концентрацијата и волуменот на протокот за емисии во атмосферата специфицирани во оваа Дозвола треба да се постигнат без воведување на воздух за разредување и треба да се базираат на волумен на гасот под стандардни услови, и тоа:

6.1.15.1 Во случај на гасови што не потекнуваат од согорување:

- Температура од 273 K и Притисок од 101.3 k Pa (без корекција на содржина на кислород или вода).

6.1.15.2 Во случај на гасови од согорување:

- Температура од 273 К, Притисок од 101.3 k Pa сув гас; 3% кислород за течни и гасни горива; 6% кислород за цврсти горива.

6.2. Емисии во почва

6.2.1. Нема да има емисии во почвата.

6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1. Од Инсталацијата нема директни емисии во површински води

6.4. Емисии во канализација

6.4.1. Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1. ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

Табела 6.4.1 Точка на емисија во канализација		
Ознака на точката на емисија	**Извор**	**Локација на точката на емисија**
W1	Собирна шахта	Градска канализациона мрежа E: 21 °21,845 N: 42 °00,927

6.4.2. Границите на емисија во канализацијата за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот период.

6.4.3. Временските периоди од 6.4.2 соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 9 од оваа дозвола.

Табела 6.4.2 Граници на емисии во канализација-W1-собирна шахта		
Проток: 100m^3/ ден (максимална количина)		
Параметар	**ГВЕ**	**Фреквенција на мониторинг**
Температура	40^{0}C	Квартално
Суспендирани материи	*mg /l	Квартално
pH	6,5-9,5	Квартално
Таложење на материи ml/ 1h	10 ml/ 1h	Квартално
БПК 5	250 mg/l O2	Квартално
ХПК	700 mg/l O2	Квартално
Нитрати	* mg /l	Квартално
Нитрити	10 mg /l	Квартално
Железо (Fe)	*mg /l	Квартално
Жива (Hg)	0,01 mg /l	квартално
Никел(Ni)	0,5 mg /l	Квартално
Хром вкупен	0,5 mg /l	Квартално
Манган (Mn)	4,0 mg /l	Квартално
Сулфати	* mg /l	Квартално
Лесно разградливи ароматски јаглеводороди	1,0 mg /l	Квартално
Феноли	10 mg /l	Квартално
Фосфати	*mg /l	Квартално
Хлориди	*mg /l	Квартално
Електролитска спроводливост	*	Квартално
Детергенти	10 mg /l	Квартално
Вкупен органски јаглерод mg C/l	*	Квартално
Токсичност G_D	*	Квартално

***За одделни параметри на ефлуентот, кој се испушта по третман во канализационен систем, а за кои не се пропишани гранични вредности, во согласност со Член 5 од Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивно прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл.Весник на Р.М бр.81/ 2011), треба да се определат со договорите за вршење на услуги за собирање, одведување и прочистување.**

Забелешка: Дефинираната фреквенција – Квартални мерења, ќе може да биде редуцирана на два пати годишно, доколку по првите шест месеци од

добивањето на дозволата се утврди дека нема надминување на граничните вредности на било кој од пропишаните параметри;

6.4.4 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција.

6.4.5 Нема да има испуштања на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

6.4.6 Отпадната вода не треба да се разредува со цел емисиите да се усогласат со граничните вредности на емисии.

.

6.5. Емисии на топлина – Нема

6.5.1. Нема да има термално испуштање во канализација кое ќе има влијание врз животната средина.

6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Активностите на локацијата нема да доведат до зголемување на нивоата на бучава, дадени подолу, на местата специфицирани како осетливи на бучава (дадени на мапата од барањето за Дозвола, означени како мерни места).

Табела 6.6.2: Мерни места на бучава во животната средина на границата на инсталацијата за која се издава дозволата

Ознака на точка на емисија/ опис	Граница на инсталацијата	Локација на точката на емисија
MM1	3m од ограда и 3m од погон базно (западна граница);	N: 42°01490 E: 21°36214
MM2	3m од ограда и 60m од влезна капија (јужна граница);	N: 42°01631 E: 21°36357
MM3	3m од ограда и 50m од погон за прашкасти производи (источна граница);	N: 42°01584 E: 21°36421
MM4	3m од ограда и 25m од погон за прашкасти производи (северна граница);	N: 42°01447 E: 21°36341

Табела 6.6.3: Гранични вредности за индикатори на бучава во животната средина					
Параметри	**Ниво на звучен притисок на граници од инсталацијата (1 – 4)**				**Фрекфенција на мониторинг**
	До (датум)	L (dB)	Од (датум)	L (dB) ГВЕ	годишно
$L_д$	До денот на издавањето на дозволата	70	Од денот на издавањето на дозволата	70	годишно
$L_в$	До денот на издавањето на дозволата	70	Од денот на издавањето на дозволата	70	годишно
$L_н$	До денот на издавањето на дозволата	60	Од денот на издавањето на дозволата	60	годишно

6.6.1. Граничните вредности за основните индикатори за бучава во животната средина предизвикана од извори на бучава од инсталацијата за која се издава оваа дозвола ќе бидат во согласност со националното законодавство на РМ (“Одлука за утврдување под кои случаи се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава”, Сл. весник на РМ, бр. 1/09; “Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина”, Сл. весник на РМ, бр. 147/08).

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

8 Услови надвор од локацијата

9 Програма за подобрување

9.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1., заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

Реден број	Активност	Цел	Време на имплементација
1.	Ревизија на процедури за подобрување на QMS, и интегрирање на EMC	Намалување на број на процедури и изработка на записи, секој во свој домен на работа, за исти барања на стандардите ISO 9001:2015 и ISO 2014:2015	30.11.2026
2.	Модификација на производи од производна програма и усвојување на нови производи	Подобрување на квалитет на производи, подобрување на конкурентноста, зголемување на бројот на производи	31.12.2026
3.	Модернизација на контролата на фабричкото производство Лабораториска опрема за севкупна употреба	Развој на нови адитиви за цемент, испитување и развој на нови и тековни премази Унапредување на контролата на фабричкото производство и развојните активности	31.12.2025
4.	Намалување на генерираниот отпад и замена на опасните супстанции	Намалување на генериран отпад од работењето на лабораторијата, како и замена на штетни и опасни материјали со поеколошки материјали	31.12.2026
5.	Поставување на батериски систем за собирање на електрична енергија -изработка на	Поголем капацитет за складирање на произведената електрична енергија од фотоволтаици	31.12.2026

	батериски систем		
6.	Нови електрични вилушкари	Подобрување на условите за работа на вработените и целосно модернизирање на возниот парк, без употреба на загадувачи на животната средина	31.12.2026
7.	Подобрување на условите за складирање на течни репроматеријалии готов производ -изградба на нов магацин за складирање на течни репроматеријали и готов производ	Подобрување на условите за складирање на течни репроматеријали и готов производ	31.12.2026
8.	Подобрување на условите за работа во прашкасто производство -набавка и монтажа на пластични завеси	Подобрување на условите за работа на вработените во погонот за прашкасто производство	31.12.2026
9.	Замена на стари со нови HDPE цистерни за складирање на течни суровини	Подобрување на условите и зголемување на капацитетите за складирање на суровините	31.12.2026
10.	Одстранување на опасен отпад	Намалување на емисиите на штетни и опасни гасови од опасните репроматеријали и зачувување на животната средина	31.12.2026
11.	Спречување на употреба на штетни материјали и намалување на опасен отпад	Набавување на чисти и еколошки репроматеријали со цел намалување на количините на опасен отпад	31.12.2026
12.	Штедење на електрична енергија	Заштеда на електрична енергија преку користење на сопствено произведена зелена енергија	31.12.2026

10. Договор за промени во пишана форма

10.1 Кога својството "или како што е друго договорено написмено" се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

10.1.1Операторот ќе даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола: и

10.1.2Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

10.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементацијата на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

10.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работи поврзани со неа, а кои се од типот на:

а). Материјална промена или зголемување на:

- природата или количината на било која емисија;
- системите за намалување/третман или преработка;
- опсегот на процесите што се изведуваат;
- горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или

б). Било какви промени на:

- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола со несакано еколошко влијание;
- набавувачите кои би имале влијание врз животната средина ќе се изведат или ќе започнат со претходно известување за тоа, и со договор со Надлежниот орган.

Додаток 1

Писмена потврда за известувања

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

Дел А

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

Дел Б

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.....

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

Додаток 2

Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, за оваа Дозвола, се наведени во Табелата подолу.

Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот

Параметар	Точка на емисија	Период на давање извештаи	Почеток на периодот
Прашина	А1 и А2	согласно Табела 6.1.2 и Табела 6.1.3	Од добивањето на А-ИЕД
Испарливи органски соединенија	А3 и А4	согласно Табела 6.1.4 и Табела 6.1.5	Од добивањето на А-ИЕД
Температура	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Суспендирани материи	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
pH	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Таложење на материи	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
$БПК_5$ mg O_2/ L	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
ХПК mg O_2/ L	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Фосфати	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Феноли	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Лесно разградливи ароматски соединенија	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Сулфати	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Никел, Ni mg/ L	W1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД

Манган, Mn mg/L	W 1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Железо, Fe mg/L	W 1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Жива, Hg mg/L	W 1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Нитрити	W 1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Нитрати	W 1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Хлориди	W 1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Електролитска спроводливост	W 1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Вкупен органски јаглерод	W 1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
Токсичност G_D	W 1	согласно Табела 6.4.2	Од добивањето на А-ИЕД
$L_д$(dB)		годишно	Од добивањето на А-ИЕД
$L_в$(dB)		годишно	Од добивањето на А-ИЕД
$L_н$(dB)		годишно	Од добивањето на А-ИЕД

Извештај	Фреквенција на извештајот Белешка1	Датум на поднесување на извештајот
Годишен Извештај за Животна Средина (AEP)	Годишно	до 31-ви март секоја година
Евиденција на инциденти	Како што се случуваат	Во рок од 3(три) дена од инцидентот.
Мониторинг на воздухот	квартално	10(Десет) дена од истекот на полугодието за кое е поднесен извештај
Мониторинг на отпадни води	квартално	10(Десет) дена од истекот на полугодието за кое е поднесен извештај
Распоред на цели и задачи	На секои 7(седум) години, со годишно ревидирање	3(три) месеци претходно, пред започнувањето на развојот
Ревизија на употребата на вода	Годишно	до 31-ви март секоја година
Ревизија за енергетската ефикасност	Годишно	до 31-ви март секоја година